CIVICA MOBILITAS

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕУ ЗА ПОГЛАВЈЕ 27

# Претставување на можностите за вклучување на граѓанските организации во проектот

Јадранка Иванова, експерт за апроксимација за животна средина

**ПРОЕКТОТ Е ПОДДРЖАН ОД:**

Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

# Што е поглавје 27

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- Поглавјата се политики на ЕУ кои се поделени на посебни области на регулирање од страна на ЕУ (EU acquis) при што секоја земја, аспирант кон ЕУ, треба да ги исполни специфичните цели и стандарди на поглавјето.
- Има 35 поглавја од кое во **Поглавјето 27 за животна средина и климатски промени** е утврдена политиката на ЕУ за животна средина, која има за цел да ги промовира одржливиот развој и заштитата на животната средина (ЖС) за сегашната и идните генерации.
- Е засновано на акции на превенција, принципот на загадувачот плаќа, надомест на штетата причинета од изворот на загадување и поделена одговорност на субјектите и интегрирање на политиките за ЖС во другите политики на ЕУ.
- Има повеќе од **200 правни акти**, од кои процесот на преговарање се засновува **на 73 главни правни акти** (директиви и регулативи) кои се групирани во **10** (9) области: **хоризонтално законодавство, вода, воздух, отпад, природа, контрола и спречување на индустриското загадува, хемикалии, бучава, климатски промени** и цивилна заштита.

# Преговори со ЕУ

- Преговорите се ЕУ се водат на ниво на поглавја.
- Преговорите за секое поглавје се засновува на два процеса - фази:
  - **Скрининг** (Screening) – Скрининг извештај (СИ)
    - Си може да препорача да се исполнат одредени одредници за отворање на поглавјето (Хрватска, Црна Гора)
    - СИ може да препорача да се отвори поглавјето (Србија)
  - **Отворање, преговарање и затворање на поглавјето**

# Процес на пристапување и преговарање со ЕУ

- Европската комисија (ЕК) **дава препорака** до Советот на ЕУ да се започне со преговори со една земја (октомври 2009)
- Советот на ЕУ ја одобрува препораката на ЕК за отворање на преговорите (Март 2020 во Загреб)
- **“Преговарачката рамка” (ПР)** (дава упатства и ги воспоставува воспоставува принципите на преговорите со РСМ). Во моментот ЕК ја изработува и ја усогласува со земјите членки на ЕУ – се очекува да се усвои октомври – декември 2020
- **Првата Меѓувладина Конференција -** помеѓу владите на земјите членки на ЕУ и РСМ  ги означува формалното започнување на преговорите – ноември - декември 2020
- **Временски распоред на скринингот** – за различните поглавја се предлагаат – декември 2020 – јануари 2021

# 2 - Процес на пристапување и преговарање со ЕУ

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- Добивање на **прашањата за Поглавје 27 (П27) од ЕУ** –Ноември – Декември (повеќе од 300 прашања за П27)
- **Одговарање на прашањата** за секоја директива и регулатива **и доставување** на одговорите **до Европската комисија (ЕК)** and deliver to EC – Јануари – Февруари 2021
- **Билатерални скренинг состаноци** – Март – Април 2021
- Дополнителни **прашања за појаснување** од ЕК и дополнителни состаноци – веројатно до Декември 2021
- **Скрининг извештај** со соодветен предлог за отворање на поглавјето **-** 1Q 2022 (без одредница)

# Новата Методологија за проширување

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- Со цел едно поглавје да се отвори **одредени услови** (критериуми или приоритет) треба да бидат исполнети од поглавјето;
- Условите можат да бидат дискутирани и усогласени за време на Поткомитетите. Истите ќе бидат вградени во ЕУ годишниот извештај за земјата, дел и како и одредниците за отворање на преговорите за едно поглавје;
- Може да се побара за одредено поглавје да се направи **Патоказ** (**Roadmap - action plan)** врз основа на кој ќе се следи прогресот од страна на ЕК и соодветно ќе се донесе дали да се отворат преговорите за одредено поглавје (веројатно за П27)
- Иако не е речено прецизно, новата методологија овозможува едно поглавје да биде отворено без да се чека поглавјата од истиот кластер да бидат отворени

# 6 Кластери во ЕУ преговорите

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**4 Зелена агенда и одржлива поврзаност (Green agenda and sustainable connectivity)**

- (14) Транспортна политика;
- (15) Енергија;
- (21) Трансевропска мрежа;
- **(27) Животна околина и климатски промени**

# Што се преговара со ЕУ

- ***Транспозиција – усогласување на законодавството***
- Степен на усогласеност
- Дали се вклучени сите правни инструменти и мерки кои се неопходни да обезбедат спроведување на законодавството
- ***Административна структура – капацитет на институциите***
- Способноста на институциите – номинирање на одговорен орган за секоја дирек/регул.
- Дали постои јасно разграничување на надлежностите помеѓу органите за сите барања на ЕУ законодавството
- Планови за зајакнување на капацитетите (зголемување на број и знаење)
- ***Спроведување на законодавството***
- Степен на спроведување на законодавството, утврдување на недостатоците и планови за целосно спроведување, како и утврдување на транзициони период кога е потребно
- Начин на вклучување на чинителите
- Зајакнување на инспекцискиот надзор
- Зголемување на финансирањето за зголемување на административните капацитети, инвестициите и финансиски планови

# Транзициски период од претходните проширувања

| TPs | BG | CY | CZ | EE | HU | LT | LV | MA | PL | RO | SI | SK | HR |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| VOCs | 2009 | | | 2006 | | 2007 | 2008 | 2004 | 2005 | 2009 | | 2007 | 2016 |
| Sulp. content fuel | 2011 | | | | | | | | 2006 | | | | |
| Inciner. W. (old) | | | | | 2005 | | | | | | | | |
| Inciner. W. (new) | | | | | | | | | | 2008 | | 2006 | |
| Shipment Waste | 2009 | | | | | | | | 2007 | 2011 | | | |
| Packaging | 2014 | 2005 | 2005 | | 2005 | 2006 | 2007 | 2009 | 2007 | 2013 | 2007 | 2007 | |
| WEEE | 2008 | | | | | | | | | 2008 | | | |
| Landfills | 2014 | | | 2009 | | | 2004 | | 2012 | 2017 | | | 2019 |
| Asbestos | | | | | | | 2004 | | | | | | |
| UWWTD | 2014 | 2012 | 2010 | 2010 | 2015 | 2009 | 2015 | 2007 | 2015 | 2018 | 2015 | 2015 | 2024 |
| Disch. Dang. S. | | | | | | | | 2007 | 2007 | 2009 | | 2006 | |
| Drinking Water | | | | 2013 | | | 2015 | 2005 | | 2015 | | | |
| Nitrates | | | | | | | | | | | | | |
| Birds | | | | | | | | 2008 | | | | | |
| LCP (old) | | | | | 2004 | | | 2005 | | | | 2007 | |
| LCP (new) | 2014 | | 2007 | 2015 | | 2015 | | | 2017 | 2017 | | | 2018 |
| IPPC | 2011 | | | | | | 2010 | | 2010 | 2015 | 2011 | 2011 | 2018 |
| VOC solvents | | | | | | | | | | | | | 2016 |
| Quality of fuels | | | | | | | | | | | | | 2016 |

# Вклученост на НВО во ЕУ преговорите за Поглавје 27

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

1. Со членство во телата што ќе ги подготвуваат документите
   - Во Работната група за Поглавје 27 на РСМ

2. Во учество во јавните дебати и консултации по подготвените документи Во подготвување на своја позиција - извештај – (shadow report, outlook, NGO position) во однос на состојбата со животната средина и Поглавјето 27

3. Подигнување на јавната свест за сопствената позиција

4. Лобирање во органите на РСМ и во органите и телата на ЕУ (во РСМ и Брисел) за својата позиција

# 2- Вклученост на НВО во ЕУ преговорите за Поглавје 27

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

5. Вклученост и активности на сите форуми, расправи и дебати кои се однесуваат на усогласување и примена на ЕУ законодавството од областа на животната средина;

6. Вклученост во сите форми на расправа и дебати по преговарачките позиции за Поглавјето 27;

7. Директни консултации со службените лица на ЕК особено во утврдувањето на приоритетите при планирање на ИПА фондовите;

8. Посебна улога во предлагање на подрачјата за Natura 2000;

9. Изготвување и презентирање на сопствените извештаи и позиции во преговарање со ЕУ, особено околу транзиционите периоди.

# Вообичаена улога на НВО

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**Вообичаена улога на НВО:**

"Watch dog" улога, директна комуникација со службите на ЕК;

Умрежување и поврзување со НГО мрежи (пр. Bankwatch мрежата) кои лобираат во Брисел

"Watch dog" следејќи го спроведување на законодавството и разни проекти

**Области на работа:**

Транспортни и инфраструктурни проекти

Управување со отпад

Управувањето со водите (мали хидроцентрали, мерките за заштита, сл.)

Заштитени подрачја и проекти што се реализираат во истите

# Улога на НВО во ЕУ преговорите

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- **Мониторинг** – Што се случува во институциите? Кои се нови политики, правни акти?
- **Анализа** – Што овие политики – процедури значат за националните и локалните власти или одделни чинители? Каков придонес или акција може да се преземе – пасивен или активно лобирање?
- **Информирање** –на јавноста за прашањата, основните елементи на предлогот и акциите што ќе се преземат.
- **Подигнување на свесноста** – заземање за засегнатата јавност или група од интерес и ги разбира влијанијата што врз нив ќе ги предизвика политиката или правните акти.
- **Вклучување** – Поттикнување на дебати, размена на идеи или предлози за тоа што може да се преземе и со која цел.
- **Поттикнувачка** - Предлагање и наметнување на теми за кои треба да се донесат одлуки или да се разговара на државно/локално ниво

# Начин на влијание



# Позиција на НВО за Поглавје 27

ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

- Анализа на барањата на ЕУ законодавството за одделни под-подрачја
- Презентирање на состојбата во РСМ
- Подготвениот извештајот (позиција) не треба да биде административна анализа на сите барања туку пред се презентирање на посебните интереси на НВО (администрацијата е должна во скринингот да ги презентира состојбите)
- Фокусирање на битните обврски и инструменти што обезбедуваат спроведување на законодавството (финансии, администрација, процедури..)

# Која улога да се има

- ➢ Watch dog или да се стане соработник (партнер) во преговорите за Поглавјето 27?
- Зависи од методологијата што ќе се усвои за подготовка на позицијата за Поглавјето 27
- Начинот на кој ќе се презентира позицијата
- Начинот на кој ќе се комуницира со јавноста
- Начинот на кој ќе се комуницира со органите на државната управа
- Начинот на кој ќе се презентира со службите на ЕК

Иоп,

# Улога на експертот

- Да ги презентирам обврските на ЕУ законодавството за одделните под-поглавја од Поглавјето 27 и нашето законодавство
- Да ве запознаам со процесот на преговори со ЕУ и значајните одредници во истиот
- Да го одредиме заедно начинот на комуникација
- Да ве советувам кога е потребно

ЦЕНТАР ЗА
КЛИМАТСКИ
ПРОМЕНИ

# Прашања?

ЦЕНТАР ЗА
КЛИМАТСКИ
ПРОМЕНИ

# Ви благодарам!

Контакт: jadrankaivanova@yahoo.com

тел. 075 250 234